Врз основа на член 51, став 1, алинеја 12 од Статутот на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија, Претседателството на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија на ден 18 септември 2025 година донесува:

**ПРАВИЛНИК**
***за лиценцирање на образовен кадар***
***при Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ***

Образовната лиценца е овластување за предавање и тестирање на знаењата и вештините на членовите на ФПСМ кои се кандидати за планинарски водичи, а кои се спроведуваат според Правилникот за образование на ЦСО во ФПСМ, Правилникот на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност, Програмата за стручно образование од МОН, Програмата за летна обука (А стандард), Програмата за зимска обука (Б стандард), како и врз основа на сродни одлуки донесени од Комисијата за планинарски водичи.
Лиценцата важи **до три години** и може да се продолжи.
Списокот на важечки носители на образовни лиценци се објавува на веб-страницата на ФПСМ.

## I. СТЕПЕНИ НА ОБРАЗОВНА ЛИЦЕНЦА

Постојат две нивоа на лиценца:
1. Прв степен – *Асистент*
2. Втор степен – *Инструктор по планинарство.*

### а. Асистент

***Услови за добивање лиценца од прв степен – асистент***

- членство во планинарски клуб кое е член на ФПСМ,
- членство во регионален огранок,
- стекнат назив на водич на ФПСМ,
- важечка лиценца за планинарски водич,
- покажано високо ниво на знаења, вештини и искуство во водичката дејност,
- способност за пренос на знаења и вештини,
- соодветни комуникациски вештини,
- познавање на Правилникот за образование на ФПСМ и предметната програма,
- препорака од регионалниот огранок или најмалку двајца носители на лиценца за инструктор,
- потврда за неосудуваност,
- извештај од спортска медицина без медицински наод,
- интерес и достапност за работа на обуки, испити и вежби.

Комисијата за планинарски водичи со образложение до ЦСО, има право да додели лиценца од прв степен и без лицето да ги исполнува сите критериуми пропишани со овој Правилник.

### б) Инструктор по планинарство

***Услови за добивање лиценца од втор степен - Инструктор по планинарство***

Покрај сите услови за добивање лиценца од прв степен, за доделување лиценца од втор степен потребно е исполнување и на следните услови:

- активна работа и посветеност на обуките, испитите и вежби на ФПСМ во изминатиот период на лиценцирање според извештаите и оценката на раководителите (координаторите) на овие обуки (за првото стекнување Лиценците од второ ниво потребни се најмалку три позитивни оценки во извештаите на раководителот на обуката),
- пренос на знаења и вештини во согласност со Правилникот за образование на ФПСМ, Програмите за А и Б стандард, протоколите и препораките на Комисијата,
- учество на стручни семинари организирани од страна на Комисијата,

- успешно да го положил испит за Инструктор по планинарство по програма за стручно образование од МОН.

## II. ИСПИТ ЗА ИНСТРУКТОР ПО ПЛАНИНАРСТВО

Испитот за Инструктор по планинарство по програма за стручно образование од МОН, е еден од условите за добивање лиценца од втор степен.

Испитот одредува:

- познавање на организациската структура на ФПСМ,
- познавање на организациската структура на Комисија за планинарски водичи на ФПСМ,
- познавање на Правилникот за образование на ЦСО во ФПСМ,
- познавање на предметната програма за водичи и стандардите за кои се стекнува лиценца,
- познавање на административни задачи при организирање на обуки и испити,
- познавање на методите на настава на обуките и испитите за водич на ФПСМ.

Испитот за Инструктор по планинарство може да се одржи заедно со обука или испит за планинарски водич во организација на Комисија за водичи на ФПСМ, други организирани акции на Комисија за водичи на ФПСМ или преку електронска комуникациски сервис (Зум или слично).

Испитот се спроведува писмено и усно и не може да трае повеќе од 45 минути.

При оценувањето на знаењата на кандидатите се применува следниот систем на оценување:

- задоволил: знаењата се доволни да на кандидатот да му се довери улогата на Инструктор,
- не задоволил: знаењата не се доволни да на кандидатот му се довери улогата Инструктор.

Успешно положен испит се смета испитот во кој знаењето на кандидатот по било кој предмет не било оценето со оцена „не задоволил“.

Кога испитот е успешно положен, Испитната комисија ја известува Комисијата за планинарски водичи во рок од 8 дена со поднесување на извештај од полагањето.

Доколку одредени знаења на кандидатот се оценети со оцена „не задоволил“, испитната комисија ќе му укаже на кандидатот да го повтори испитот по тие теми или да го повтори целиот испит.

Испитот го спроведуваат најмалку двајца членови на Испитната комисија за спроведување на инструкторски испити.

Испитната комисија за спроведување на инструкторските испити е составена од три членови – Инструктори и е формирана од Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ.

## III. ДОБИВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ ЛИЦЕНЦА

Лиценца од втор степен не може да се издаде ако лицето прво не се здобило со лиценца од прв степен.

Лиценца од втор степен може да се додели пред истекот на лиценцата од прв степен.

Координатор на обуките и испитите за планинарски водичи може да биде само лице носител на лиценца од втор степен.

Горенаведените услови не се применуваат по автоматизам.

Комисијата заедно со ЦСО, одлучува за доделување, продолжување или одземање на лиценцата.

При доделување или обновување на лиценца, покрај знаењето, вештините и искуството, се оценува и целокупното планинарско искуство искажано преку активностите на членот изразени преку извештаите доставени до Комисијата, поткомитетите за обука, за инструкторскиот персонал и за координирање на работата на ограноците. Врз основа на целосната документација и информации Комисијата утврдува дали може на член да му довери образовни задачи, со целосна доверба дека тој ќе ги спроведуваат совесно и одговорно,

во согласност со упатствата и препораките на Комисијата и во соработка со други носители на лиценца.
По истекот на лиценцата, лиценцата може да се продолжи како првостепена или второстепена лиценца, во зависност од исполнетите услови и оценката на Комисијата за планинарски водичи.

## IV. ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦАТА

Лиценцата престанува:

- по истекот на периодот на лиценцирање,
- недостаток на извештаи и/или немање на сознанија дека лицето на кое му се доверени воспитно-образовните задачи ги извршило тие задачи, активно учествувало на обуките, испитите и вежбите организирани од Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ,
- престанок на членството во ФПСМ,
- со одлука на Комисијата за планинарски водичи во случај на несоодветно извршување инструкторски задачи, неправилна настава, инцидент на настава, прекршување на законот при извршување на воспитно-образовни задачи, несоодветна комуникација или друга причина со која се прекршуваат позитивни прописи и морално-етички пишани и непишани норми.

Комисијата може да ја суспендира лиценцата во секое време, а во случај на грубо прекршување на образовните должности и обврски, за лиценцата поднесува барање со образложение за трајно одземање од страна на Комисијата до ЦСО.

## V. Преодни и завршни одредби

Овој Правилник стапува на сила 8 ден од објавувањето на веб страница на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија.

ФПСМ
Претседател
Зоран Читкушев